# МАКЕДОНИСТИЧКИ ГОРДОРЕК – ВО ГОДИНА НА МАКЕДОНИСТИКАТА

**(Поздравно обраќање на проф. д-р Кристина Николовска,**
**директор на МСМЈЛК при УКИМ во Скопје**
**на Свеченото отворање на Четвртата зимска школа)**

Почитувана проф. д-р Биљана Ангелова, ректор на УКИМ

Почитуван проф. д-р Александар Скепаровски, проректор за меѓународна соработка,

Почитувани членови на Советот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје,

Почитувани македонисти, слависти, балканолози, филолози, кутуролози, преведувачи и афирматори на македонистиката во светот,

Почитувани професори, предавачи, лектори и писатели,

Во годината на големите јублеи на великаните: **150 години од раѓањето на Крсте Мисирков, 95 години од раѓањето на Гане Тодоровски и 90 години од раѓањето на Петре М. Андреевски** и во годината кога **Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје прославува голем јубилеј 75 години од основањето, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје** ја организира **Четвртата зимска школа којашто ќе се одржи од денес, 22 јанури до 26 јануари годинава (на далечина).**

Радува фактот што годинава, со новиот концепт со визија и со проактивност, поттикнавме огромен интерес за македонистиката во светот. На Зимската школа **ќе учествуваат 81 семинарист од целиот свет, а импресивна е палетета на учесници од 21 земја:** НР Кина, САД, Австралија, Германија, Франција, Турција, Полска, Словенија, Чешка Република, Унгарија, Грција, Бугарија, Романија, НР Кореја, Јапонија, Хрватска, Србија, Руска федерација, Украина, Италија и Тајланд.

**МСМЈЛК, како внатрешна организациска единица на УКИМ** во Скопје, има висок приоритет во програмските опредлби на **почитуваната ректорка проф. д-р Биљана Ангелова** која дава вонсериска суштинска поддршка на Меѓународниот семинар. Како нова управа имаме **јасна визија со коцепт, поставени цели, стратегија за развој и филозофија на кампања.**

Меѓународниот семинар има **долга традиција од 57 години постоење, а неговата мисија има длабоки корени во Охридската книжевна школа и со право може да се смета за нејзина возобнова,** која се посветува на афирмација на македонистиката – јазична, книжевна и културолошка, кај нас и во светот.

Досега се одржани **56 летни школи** и **три зимски школи,** на кои учествувале повеќе од **4000 учесници** од **над 60 земји,** еминентни македонисти, слависти, балканолози, филолози, професори, научни работници и студенти по македонски јазик и литература на на странските универзитети, преведувачи и афирматори на македонистиката.

Меѓународниот семинар има **11 македонистички лекторати во 9 земји:** Франција, Руската федерација, Турција, Хрватска, Полска, Унгарија, Романија, Кина, а од неодамна и во Албанија кадешто деновиве го реактивиравме **лекторатот во Албанија, којшто на 18 јануари имаше Свечено отворање на Универзитетот во Тирана.** Меѓународниот семинар

има соработка и со многу центри во странство на кои се изучува македонистиката. Радува големиот интерес на студентите од странските универзитети за изучување македонски јазик, книжевност и култура.

Меѓународниот семинар има грандиозна и комплексна дејност, организација на работата на: Летните и зимските школи, традиционалната Меѓународна научна конференција во Охрид, лекторатите на странските униеверзитети, коорганизација на почетен курс по македонски јазик за странски студенти Цетис Мак, во соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при УКИМ, итн.

Годинава, програмата на Четвртата зимска школа има **нов коцепт, многу новитети и богати содржини**.

Семинаристите ќе работат во **две секции: јазична и литературно-културолошка (со Преведувачка работилница).**

Преку курсот за македонски јазик, почитувани семинаристи, ќе имате извонредна можност да го изучувате македонскиот јазик на три рамништа: почетно, средно и напреднато.

Покрај лекторските вежби, за првпат има и предавања по македонска книжевност и култура од еминентни професори, супспецијалисти. Со нов концепт годинава е курсот за македонска книжевност и култура кој ќе ви овозможи поширока и сеопфатна палета содржини како што се предавања од: средновековна книжевност, народна книжевност, македонскиот 19 век, современа македонска поезија, кулутрологија и популарна култура.

Преку преведувачката работилница ќе започнете да ги откривате тајни, финеси и решенија на препевите поезијата на великаните Гане Тодоровски и Петре М. Андреевски. Очекуваме препеви од Преведувачката работилница кои потоа би ги печателе во две изданија Зборници поезија со кажувачки.

Програмата предвидува и **средби со врвни македонски писатели** како: академик Влада Урошевиќ, Јордан Плевнеш и Венко Андоновски, и со младиот талент Македон Димитровски.

Мисијата на македонистиката е наш врвен завет, предизвик, наш влог во иднината и најсуштинска потврда на идентитетот. Високообразовна и научна надградба на македонистиката значи афирмација и актуелизација на македонскиот јазик, литература и култура, кај нас и во светотот.

Оти Меѓународниот семинар – сме сите. И оние од чии училници низ светот се раѓа, умножува како писание или како реч македонистиката – јазична, книжевна и културолошка, од сегашните и идни македонисти, семинаристи кои сонуваат да бидат учесници на култната и славна Летна школа којашто секоја година се одржува во Охрид.

Семинарот е преплет на енергии, синергија, а тој искрен ентузијазам на македонистите заслужува и поширока поддршка.

Зимската школа е раскошно јазично, книжевно, културолошко и препевно *македонствување.*

Од денес - сиот свет ќе стане огромна македонистичка училница во која ќе се слеваат македонскиот прозбор, но и сето доречување на семинаристите македонисти, слависти, балканолози, филолози, културолози, јазикољупци чие јазично, книжевно, културолошко и препевно проникнување ќе разденува пет учебни дена како *разденот* на Рацин - *Белите ни мугри,* како јасен *гордорек Ганев*, но и *недотек* наш Македонствувачки, како убавото *лице на зборовите* Петреви и наши – оти сме гордо ехо на Охридската

книжевна школа и оти и на небото и на вистината и на иднината ќе им го постелеме нашиот стих, нашата песна, нашата мелодија и ритам – во слава и чест на сите пред нас, но и оние до нас и по нас, достојни на МАКЕДОНИСТИКАТА како врвна вредност, достоинство и наука во вечен подем и недотек...

Ве чекаме со стих, со песна, со ритам кој чука во 7/8...

Пет дена *македонствување* со Четвртата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура - гордото дете на Univerзитетот „Св. Кирил и Методиј" и прапотомок на Охридска книжевна школа.

Ве чекавме и дочекавме... на далечина, но така одблиску... оти нема да има *ништо поприсутно од Вашето присуство* драги семинаристи и македонисти од целиот свет и оти сиот свет тие прекрасни пет дена ќе стане бесконечна македонистичка стихувалница, слушалница, но и разговорница, препевна работилница...

Пет дена заедно – во јазично, книжевно, културолошко и препевно македонствување...

Ѝ благодарам на ректорката Биљана Ангелова и на УКИМ за сите заложби, а особено за поддршката на идејата **2024 да ја прогласи за ГОДИНА НА МАКЕДОНИСТИКАТА.**

Така денес - е *ден на македонистиката*,

Оваа седмица - ќе *биде седмица на македонистиката,*

А оваа година – нека биде *година на македонистиката.*

Во прекрасен и синергиски – макеодонистички *гордорек* и *гордоод.*

проф. д-р Кристина Николовска
директор на МСМЈЛК при УКИМ во Скопје

Скопје, 22.01.2024.